РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
ОПШТИНА ДЕМИР ХИСАР
Бр. 08 - 533/9
22. 06 2026 год.
ДЕМИР ХИСАР

Записник од прва фаза-проверка на пријавата и веродостојноста на доказите по Јавен оглас број 01/2026 за работните места пожарникар спасител водич на група и пожарникар спасител во Територијалната противпожарна единица во Општина Демир Хисар

На ден 22.06.2026 година, во 09:00 часот, во просториите на Општина Демир Хисар, се реализира првата фаза - проверка на пријавите и веродостојноста на доказите на кандидатите по Јавен оглас број 01/2026 со архивски број 08-533/1 од 05.06.2026 година, објавен на 08.06.2025 година во дневните весници „Нова Македонија" и „Коха", за вработување на неопределено работно време на овластени службени лица во областа на безбедноста-професионални пожарникари во Територијалната противпожарна единица при Општина Демир Хисар, за следните работни места:

-Пожарникар спасител-водич на група во Територијалната противпожарна единица во Општина Демир Хисар, шифра ПОЖ0210В02000- 1 извршител и

-Пожарникар спасител, шифра ПОЖ0210В04000 во Територијалната противпожарна единица во Општина Демир Хисар – 2 извршители.

Градоначалникот на Општина Демир Хисар формираше комисија за селекција на кандидати по јавен оглас бр.1/2026, со Решение со архивски број 08–533/3 од 08.06.2026 година.

По проверките на пријавите од кандидатите по јавниот оглас, Комисијата ја констатира следнава состојба:

Рокот за пријавување по огласот заврши на 15.06.2026 година а Комисијата во предвидениот рок од осум (8) денови го изготви овој записник.

На огласот се пријавени вкупно тројца (3) кандидати, од кои за работно место пожарникар спасител-водич на група е пријавен еден (1) кандидат со шифра 08-533/8, а за работното место пожарникар спасител се пријавени двајца (2) кандидати со шифри 08-533/6 и 08-533/7.

1. Кандидатот со шифра 08-533/8 ги достави следниве документи:

-диплома за завршено образование број 07-153/34 од 25.06.1999 година, копија заверена на нотар,

-доказ за државјанство број 12.1.5/87 од 11.06.2026 година, во оригинал,

-доказ дека со правосилна судска пресуда не му е изречена казна забрана за вршење професија, дејност или должност број ПРК – Р – 513/26 од 09.06.2026 година, издадено од Основен суд Битола,во оригинал,

-доказ за здравствена и психофизичка способност утврдено од овластена здравствена установа согласно со закон број 04-2/655 од 09.06.2026 година,

издадено од ЈЗУ ЗДРАВСТВЕН ДОМ П.О. Отсек за медицина на трудот - Битола, во оригинал,

-доказ за работно искуство – преглед издаден од Агенција за вработување на РСМ од 09.06.2026 година во оригинал и

-доказ за поседување на возачка дозвола од Ц категорија – копија заверена на нотар.

Како дополнителна документација достави и:

-пријава со кратка биографија и мотивациско писмо,

-диплома за специјалистичко образование за професионален пожарникар број 08-12/3 од 17.01.2023 година, (копија заверена на нотар)

-договор за работно ангажирање на невработено лице за вршење на јавни работи за заштита и превенција од пожари и заштита и оплеменување на животната средина на локално ниво (пошумување) број 03-2128/73 од 08.08.2025 година, во оригинал,

-потврда за стекнато знаење преку учество на работилница – обука за користење на противпожарна опрема и стекнување на вештини за справување и превенција од пожари на отворен простор и

-потврда издадена од приватно претпријатие со која се потврдува дека лицето има работено на работно место за кое е потребно минимум средно образование.

Комисијата од увидот во документацијата констатира дека кандидатот има вкупно 18 години и 3 месеци работно искуство, а доставил и потврда дека има и 5 години и 3 месеци работно искуство на работно место за кое е потребно минимум средно образование, со што го исполнува условот за работното место предвиден во јавниот оглас.

2. Кандидатот со шифра 08-533/6 ги достави следниве документи:

-диплома за завршено образование број 08-3/109 од 25.09.1995 година, копија заверена на нотар,

-доказ за државјанство број 12.1.5/86 од 08.06.2026 година, во оригинал,

-доказ дека со правосилна судска пресуда не му е изречена казна забрана за вршење професија, дејност или должност број ПРК – Р – 506/26 од 08.06.2026 година, издадено од Основен суд Битола,во оригинал,

-доказ за здравствена и психофизичка способност утврдено од овластена здравствена установа согласно со закон број 04-2/653 од 08.06.2026 година, издадено од ЈЗУ ЗДРАВСТВЕН ДОМ П.О. Отсек за медицина на трудот - Битола, во оригинал,

-доказ за работно искуство – преглед издаден од Агенција за вработување на РСМ од 08.06.2026 година во оригинал и

-доказ за поседување на возачка дозвола од Ц категорија – копија заверена на нотар.

Како дополнителна документација достави и:

-пријава со кратка биографија и мотивациско писмо,

-диплома за специјалистичко образование за професионален пожарникар број 08-98/17 од 10.09.2025 година, (копија заверена на нотар)

-договор за работно ангажирање на невработено лице за вршење на јавни работи за заштита и превенција од пожари и заштита и оплеменување на животната средина на локално ниво (пошумување) број 03-2128/72 од 08.08.2025 година, во оригинал и

-потврда за стекнато знаење преку учество на работилница – обука за користење на противпожарна опрема и стекнување на вештини за справување и превенција од пожари на отворен простор.

Комисијата од увидот во документацијата констатира дека кандидатот има вкупно 6 години работно искуство.

3. Кандидатот со шифра 08-533/7 ги достави следниве документи:

-диплома за завршено образование број 07-318/44 од 13.08.2010 година, копија заверена на нотар,

-доказ за државјанство број 12.1.5/88 од 11.06.2026 година, во оригинал,

-доказ дека со правосилна судска пресуда не му е изречена казна забрана за вршење професија, дејност или должност број ПРК – Р – 514/26 од 09.06.2026 година, издадено од Основен суд Битола, во оригинал,

-доказ за здравствена и психофизичка способност утврдено од овластена здравствена установа согласно со закон број 04-2/656 од 09.06.2026 година, издадено од ЈЗУ ЗДРАВСТВЕН ДОМ П.О Отсек за медицина на трудот - Битола, во оригинал,

-доказ за работно искуство – преглед издаден од Агенција за вработување на РСМ од 09.06.2026 година, во оригинал и

-доказ за поседување на возачка дозвола од Ц категорија – копија заверена на нотар.

Како дополнителна документација достави и:

-пријава со кратка биографија и мотивациско писмо,

-договор за работно ангажирање на невработено лице за вршење на јавни работи за заштита и превенција од пожари и заштита и оплеменување на животната средина на локално ниво (пошумување) број 03-2128/71 од 08.08.2025 година, во оригинал и

-потврда за стекнато знаење преку учество на работилница – обука за користење на противпожарна опрема и стекнување на вештини за справување и превенција од пожари на отворен простор.

Комисијата од увидот во документацијата констатира дека кандидатот има вкупно 7 години и 3 месеци работно искуство.

Со оглед на горенаведеното, комисијата констатира дека трите пријави се уредни, односно сите пријавени кандидати во целост ги исполнуваат условите предвидени во огласот. Тројцата пријавени кандидати продолжуваат во следната фаза 2-проверка на физичката способност, која ќе се одржи на 25.06.2026 година со почеток во 10 часот во спорстката сала на СОУ „Крсте Петков Мисирков" Демир Хисар.

Рекапитулација:

Првата фаза - проверка на пријавата и веродостојноста на доказите од поднесените пријави на кандидатите, за Јавен оглас број 01/2025, заврши на 22.06.2025 година во 11:00 часот.

Список на уредни кандидати со шифри:

| р.б. | Шифра | Уредност на документацијата | Освоени бодови од прва фаза | Продолжува во втора фаза |
|---|---|---|---|---|
| 1 | 08-533/6 | Да | 2 | Да |
| 2 | 08-533/7 | Да | 2 | Да |
| 3 | 08-533/8 | Да | 2 | Да |

Записникот од првата фаза ќе биде објавен на 22.06.2026 година на интернет страницата на Општина Демир Хисар а кандидатите ќе бидат телефонски контактирани за денот, часот и местото на одржување на втората фаза-проверка на физичката способност.

Комисија за селекција на кандидати за вработување:

08-533/9
22.06.2026

Член Александра Трајковска_______________

Заменик член Катерина Дранговска К. Дранговска

Заменик член Билјана Пејковска_____________